Center for Civil Communications
Центар за граѓански комуникации

AKTIVO CENTER ON ACTIVE CITIZENS
ЦЕНТАР НА АКТИВНИ ГРАЃАНИ

ЗДСРМ
ЗДРУЖЕНИЕ НА ДАНОЧНИ СОВЕТНИЦИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ПРОЕКТ:
„Користење на податоците за вистинските сопственици за намалување на корупцијата“

ДОКУМЕНТ за ЈАВНИ ПОЛИТИКИ

за подобрување на користењето на информациите за вистинските сопственици во борбата против корупцијата

CIVICA MOBILITAS | *Citizens for change!*

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

Swiss Agency for Development and Cooperation SDC

Наслов на публикацијата:
Документ за јавни политики за подобрување на користењето на информациите за вистинските сопственици во борбата против корупцијата

Издавач: **Центар за граѓански комуникации, Скопје**

Уредник: **Герман Филков**

Автори: **Герман Филков, Сабина Факиќ, Павле Гацов и Александар Јанев**

Лектура: **Татјана Б. Ефтимоска**

Превод од македонски на албански јазик**: Агон Исмаили**

Превод од македонски на англиски јазик: **Катерина Димишковска**

Ликовно-графичко обликување: **Полиестердеј ДООЕЛ, Скопје**

Печати: **Полиестердеј ДООЕЛ, Скопје**

Тираж: **150 примероци**

Скопје, 2026 година

Бесплатен/некомерцијален тираж

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

351:005.332.5:328.185(497.7)(076.2)

ДОКУМЕНТ за јавни политики за подобрување на користењето на информациите за вистинските сопственици во борбата против корупцијата / [автори Герман Филков ... и др. ; превод од македонски на албански јазик Агон Исмаили ; превод од македонски на англиски јазик Катерина Димишковска]. - Скопје : Центар за граѓански комуникации = Shkup : Qendra për Komunikime Qytetare = Skopje : Centre for Civil Communications, 2026. - 11, 11, 11 стр. ; 30 см

Текст на мак., алб. и англ. јазик. - Фусноти кон текстот. - Други автори: Сабина Факиќ, Павле Гацов, Александар Јанев. - Содржи и: Dokument politikash publike për përmirësimin e përdorimit të informacioneve lidhur me pronarët e vërtetë në luftën kundër korrupsionit / [autorë German Fillkov ... и др. ; përktheu nga gjuha maqedonase në gjuhën shqipe Agon Ismaili] ; Policy document improving Use of Beneficial Ownership Data to Combat Corruption / [authors German Filkov ... и др. ; translation from Macedonian to English Katerina Dimishkovska]. - „Користење на податоците за вистинските сопственици за намалување на корупцијата“

ISBN 978-608-4974-58-1

1. Филков, Герман [автор] 2. Факиќ, Сабина [автор] 3. Гацов, Павле [автор] 4. Јанев, Александар [автор]
а) Јавни политики – Транспарентност – Борба против корупцијата – Македонија – Упатства

COBISS.MK-ID 69763077

Проектот „Користење на податоците за вистинските сопственици за намалување на корупцијата“ е поддржан од Владата на Швајцарија преку Цивика мобилитас. Мислењата кои се изразени овде не нужно ги одразуваат ставовите на Швајцарската влада, на Цивика мобилитас или на организациите што ја спроведуваат.

Содржина

Резиме 4

Утврдени проблеми 5

Цели на политиката 7

Препораки за политиката 8

Резиме

Транспарентноста на вистинските сопственици во фирмите е една од клучните алатки за борба против корупцијата. Во светот, долго време се знаеше за постоењето на т.н. шел, или празни компании кои, без познат сопственик и без вработени, си префрлаа меѓу себе огромни суми пари за фиктивни услуги, за да се затскрие трагата на овие пари, кои најчесто потекнуваа од црни и неоданочени бизниси. Но чашата ја прели обелоденувањето на разните документи, „Панамски“, „Рајски“, „Пандорини“, кои откриja дека стотици луѓе на јавни позиции ја злоупотребуваат својата положба во корист на компании што тие или нивни блиски лица тајно ги поседуваат и ги контролираат.

Тоа беше пресудниот момент кога светот се договори дека треба да се знае не само кој е пријавен како директор или сопственик на компаниите, туку кој всушност стои зад нив, кој ги контролира и има корист од компаниите. Така се дојде до вистинските сопственици. Многу земји формираа регистри на вистински сопственици на компаниите – односно на лицата кои, во крајна линија, ја поседуваат или ја контролираат компанијата или нејзиниот имот и средства, или кои имаат материјална корист од имотот/средствата на таа компанија.

Сепак, не се застана тука. Освен првичната идеја – да се спречи затскривањето на сопственоста во фирмите, остварувањето нелегални профити и финансирањето тероризам – обелоденувањето на вистинските сопственици во фирмите прерасна во алатка за спречување и на даночно затајување, злоупотреби во доделувањето јавни набавки, концесии и други јавни средства, во финансирањето политички партии и кампањи и сл.

Иако Северна Македонија има воспоставено Регистар на вистински сопственици од 2021 година, наодите од две неодамнешни анализи покажуваат дека (1) регистарот недоволно се користи, (2) отсуствуваат соодветна проверка и верификација на точноста на податоците, (3) регистарот не е поврзан со другите бази на податоци и (4) тој во голема мера е исклучен од антикорупциската практика во земјава, настрана од борбата против перењето пари и финансирањето тероризам.

Постојат значителни недоследности помеѓу податоците за вистинските сопственици и изјавите за имотот и интересите на јавните функционери, додека пречките за јавен пристап до Регистарот оневозможуваат ефективен надзор од страна на граѓаните, на медиумите и на граѓанските организации.

Овој документ за јавни политики ги преточува наодите од двете истражувачки анализи во конкретни, практични препораки, насочени кон подобрување на користењето на податоците за вистински сопственици за спречување, откривање и санкционирање на корупцијата и судирот на интереси на т.н. политички експонирани лица, односно на избраните и именуваните функционери. Дел од препораките значат промени во практиката, додека за одреден дел ќе треба да се направат помали промени во законските и во подзаконските акти на одредени институции. Како и да е, ниедна препорака не бара значајни промени, било во регулативата, било во работењето на вклучените институции. Документот ги зема предвид и спремноста и посветеноста на вклучените институции за промени, искажани на тематскиот форум за овие прашања одржан во јануари 2026 година, на кој клучните фактори во оваа област дискутираа за мерките и чекорите што можат и што се преземаат за натамошно користење на податоците за вистинските сопственици во борбата против корупцијата во земјава.

Утврдени проблеми



Во Северна Македонија, Регистарот на вистински сопственици е пуштен во употреба во јануари 2021 година, а податоците од него се достапни од април 2021 година наваму.

Анализата на користењето на податоците за вистинските сопственици во борбата против корупцијата во Северна Македонија, објавена во декември 2024[1] година, покажа дека надлежните институции во земјава, генерално, малку ги користат податоците за вистинските сопственици во насока на спречување, откривање и санкционирање на перењето пари и во борбата против тероризмот, а се чини дека воопшто не ги користат за други цели и за спречување на корупцијата, на криминалот и на злоупотребите во другите области. Забелешки за недоволното користење на податоците од Регистарот на вистински сопственици имаат и Европската Унија и ОЕЦД.

Истражувањето за откривање на евентуални судири на интереси и злоупотреба на моќ при јавни набавки кај политички експонираните лица, објавено во мај 2025 година[2], покажа значајни празнини и недоследности во пријавувањето сопственост и интереси на функционерите, што создаваат пречки и тешкотии на патот на откривањето на корупцијата.

Во истражувањето, преку Регистарот на вистински сопственици се откриени сопственишта во фирми на политички експонирани лица (градоначалници и министри) кои не ги пријавиле во изјавите за интереси доставени до Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК). Натаму, дел од фирмите кои се во сопственост на актуелни градоначалници и поранешни министри се јавуваат како носители на договори за јавни набавки, за концесии и на лиценци доделени од државни институции.

Неусогласеноста на податоците за бизнис-интересите на политички експонираните лица укажува на отсуство на соодветна проверка и верификација на точноста на податоците и во Регистарот на вистински сопственици, и во изјавите за интереси што избраните и именуваните лица ги доставуваат до ДКСК.

Со тоа што од јануари 2019 година наваму, во изјавите за имотната состојба и за интересите, функционерите треба да ги наведат само податоците за членовите на најтесното семејство со кое живеат во едно домаќинство, надвор од радарот остануваат трговските друштва во кои блиски лица на политички експонираните лица се сопственици, основачи, содружници, членови на собранието, на надзорниот одбор, на управниот одбор или на менаџмент, или се овластени лица во трговски друштва (државни и приватни). Ова го отежнува откривањето на судирот на интереси и злоупотребата на моќ при јавните набавки кај политички експонираните лица.

На овој начин, на граѓаните им е оневозможено активно да учествуваат во откривањето на евентуални судири на интереси и злоупотреба на моќ од страна на носителите на функции зашто Регистарот на вистински сопственици не е јавно отворен и за информациите во него се плаќа, а и податоците за бизнис-интересите на политички експонираните лица во јавно достапниот електронски систем на ДКСК се нецелосни.

1 Анализа на користењето на податоците за вистинските сопственици во борбата против корупцијата во Северна Македонија, Центар за граѓански комуникации, Скопје, декември 2024, достапна на следниот линк: https://www.ccc.org.mk/wp-content/uploads/2024/12/analiza-na-koristeneto-na-podatoczite-za-vistinskite-sopstveniczi-vo-borbata-protiv-korupczijata-vo-severna-makedonija.pdf

2 Истражувањето за откривање на евентуални судири на интереси и злоупотреба на моќ при јавни набавки кај политички експонираните лица, Центар за граѓански комуникации, Скопје, мај 2025, достапно на следниот линк: https://www.ccc.org.mk/wp-content/uploads/2025/05/dupki-i-nedoslednosti-vo-prijavuvaneto-sopstvenost-i-interesi.pdf

Овие анализи идентификуваат неколку системски слабости:

- Ограничен и скап пристап до податоците за вистинските сопственици, што го ограничува и јавниот надзор од страна на т.н. недржавни актери (граѓани, граѓански сектор, медиуми итн.).
- Минимална употреба на податоците за вистинските сопственици од институциите за борба против корупцијата, за спроведување на законот и за надзор, надвор од рамките на активностите за спречување перење пари и финансирање тероризам.
- Недостаток на систематска вкрстена проверка помеѓу податоците во изјавите за имот и интереси, податоците за склучени договори за јавни набавки и за концесии и податоците за избраните и именуваните лица.
- Значителни недоследности помеѓу податоците за вистинските сопственици и изјавите за интереси доставени до Државната комисија за спречување на корупција (ДКСК).
- Слаби механизми за верификација и ограничени санкции за лажно или нецелосно известување за вистински сопственици.
- Отсуство на проактивна анализа на ризик со користење на податоците за вистински сопственици во секторите склони кон корупција.

Како резултат на сево тоа, Регистарот на вистински сопственици во голема мера претставува само формален механизам за усогласеност, а не оперативен инструмент за борба против корупцијата.

Цели на политиката


Главната цел на овој документ за политики е да се трансформираат податоците за вистинските сопственици од пасивен регистар во активно користена, веродостојна и интероперабилна алатка за борба против корупцијата.

Унапредувањето на законската рамка и на практиките на институциите треба да придонесат кон:

- Зголемување на транспарентноста и пристапот до податоците за вистински сопственици;
- Подобрување на точноста, верификацијата и одговорноста за податоците во Регистарот на вистински сопственици;
- Обезбедување системска институционална употреба на податоците од Регистарот на вистински сопственици во спречувањето и откривањето на корупцијата;
- Овозможување ефикасен јавен надзор од граѓаните, граѓанското општество и медиумите и
- Намалување на судирот на интереси, злоупотребите и ризиците од корупција во јавните набавки и во распределбата на јавните ресурси.

Со зајакнување на користењето на податоците од Регистарот на вистински сопственици директно ќе се поддржи и кредибилитетот во реформите на владеењето на правото.

Препораки за политиката



Врз основа на утврдените слабости во примената на податоците од Регистарот на вистински сопственици кај нас, особено во смисла на користење на овие податоци во борбата против корупцијата, како и врз основа на меѓународните стандарди и практики[3], дефинирани се следниве препораки за унапредување на политиката и практиката на користењето на податоците за вистинските сопственици.

1 **Проширување на опфатот на информациите за вистинските сопственици,** со што ќе се зголеми бројот на лица, а со тоа и на функционери, нивни блиски, како и вршители на сензитивни професии кои ќе треба да пријават директна и индиректна сопственост во правни лица.

Во оваа насока се препорачува:

- Определување понизок праг на индивидуална директна и индиректна сопственост на физичките лица од сегашните 25 %, кои се особено високи за земји како што е нашата;
- Групен опфат на прагот за утврдување на вистинската сопственост на поврзани лица во едно правно лице;
- Додефинирање на поимот „друг облик на контрола“, кој би опфатил и критериуми како менаџерски договори и други значајни исплати;
- Задолжителна проверка на сопственоста кога како вистински сопственик е запишан адвокат или овластен сметководител, односно лице кое врши професионална дејност во областа на даночно советување, правни, сметководствени, финансиски, ревизорски и други услуги.

2 **Подобрување на пристапот до податоците за вистинските сопственици и нивната транспарентност** за зголемен надворешен надзор врз податоците во Регистарот, рано откривање недоследности во податоците и спречување скриено сопственištво во фирми.

Во оваа насока се препорачува:

- Овозможување бесплатен, значително поевтин или друг соодветен пристап (до различно ниво и обем на информации) до податоците од регистарот на вистински сопственици за граѓаните, медиумите, граѓанските организации, приватниот сектор итн. барем за цели насочени кон борба против корупцијата, истражување и јавен интерес;
- Воспоставување законска категорија „легитимен јавен интерес“, што овозможува подобрен пристап до податоците од Регистарот на вистински сопственици во согласност со еволутивната и судската пракса на ЕУ;
- Овозможување пристап до податоци во голем обем и во машински читливи формати за поддршка на анализите и за мониторинг.

3 Рамките на ЕУ за борба против перење пари и против корупција; стандардите на OECD и FATF за транспарентност на вистинските сопственици; резолуциите на Обединетите нации кои произлегуваат од UNCAC кои нагласуваат ефикасно користење на податоците од Регистрите на вистински сопственици, како и обврските од Партнерството за отворена влада.

3 **Зајакнување на верификацијата и контролата на квалитетот на податоците** за поголема веродостојност на податоците и намалена злоупотреба на Регистарот.

Во оваа насока се препорачува:

- Воведување задолжителна верификација на податоците за вистинските сопственици, заснована врз претходна проценка на ризикот, со приоритет на субјектите со висок ризик (избрани и именувани лица, големи јавни изведувачи, концесионери и сл.);
- Воспоставување автоматизирани системи за т.н. црвени знамиња за откривање на недоследности, како што се чести промени на сопственоста, повторена употреба на истиот вистински сопственик во неповрзани фирми или несовпаѓања со други регистри;
- Применување ефикасни, пропорционални и одвраќачки санкции за лажни, нецелосни или застарени податоци за вистинските сопственици.

4 **Обезбедување задолжителна институционална употреба на податоците од Регистарот на вистински сопственици во борбата против корупцијата** за систематска, а не ad hoc употреба на податоците од Регистарот во спречувањето на корупцијата.

Во оваа насока се препорачува:

- Воведување експлицитни обврски за клучните институции (ДКСК, Биро за јавни набавки, Државен завод за ревизија, обвинителски служби) за консултирање и користење на податоците за вистински сопственици во релевантните процедури;
- Интегрирање на проверките на податоците за вистинските сопственици во:
  - проценките на судирот на интереси;
  - анализите на ризик во јавните набавки;
  - ревизиите и инспекциите и
  - истрагите поврзани со злоупотреба на службената должност.

5 **Меѓусебно поврзување на Регистарот на вистински сопственици со други, клучни, бази на податоци** за побрзо откривање непријавени интереси, скриена сопственост и високоризична поврзаност со јавни средства.

Во оваа насока се препорачува:

- Обезбедување техничка интероперабилност помеѓу Регистарот на вистински сопственици и:
  - системите за пријавување на имот и интереси на ДКСК;
  - регистрите на избрани и именувани лица;
  - базите на податоци за јавни набавки, концесии и субвенции;
  - регистрите на државна помош;
  - регистрите на донатори на политичките партии;
  - регистрите на правни субјекти;
  - Катастарот на недвижности;
  - Царината;
  - Трезорот, итн.
- Овозможување автоматско вкрстени проверки за откривање несовпаѓања помеѓу податоците за вистински сопственици и пријавените интереси на функционерите.

6 **Справување со ризиците и со судирот на интереси кај избраните и именуваните лица** за намалување на можноста функционерите да ги прикријат бизнис-интересите и да влијаат врз јавното трошење.

Во оваа насока се препорачува:

- Проширување на опфатот на блиски и поврзани лица за кои постои обврска да се пријавува имотната состојба и интересите;
- Унапредување на содржината и начинот на пополнување на изјавите за имотна состојба и интереси преку автоматско преземање од Централен регистар на називите и податоците за правните лица кои се пријавуваат, задолжително наведување на денот и месецот на раѓање на избраното и именуваното лице, како и на процентот на сопственоста и/или уделот што се пријавува;
- Проширување на обврските за објавување податоци за вистински сопственици и за задолжителна проверка на податоците за компаниите во сопственост на избрани и именувани лица и нивни блиски лица;
- Задолжително објавување на имињата на вистинските сопственици на фирмите што склучиле договор за јавна набавка, концесии и јавно-приватно партнерство.

7 **Институционализирање на проактивна анализа на ризици со користење податоци од Регистарот на вистински сопственици** за преминување од реактивни истраги кон превентивни антикорупциски акции.

Во оваа насока се препорачува:

- Развивање индикатори за ризик што ги комбинираат податоците за вистински сопственици со информациите за јавни набавки, концесии и субвенции;
- Годишни аналитички извештаи од надлежните институции за ризиците од корупција идентификувани преку податоците од Регистарот на вистински сопственици;
- Користење на наодите за подобрување на политиките и праксата.

8 **Овозможување мониторинг од страна на граѓанското општество, на медиумите и на граѓаните** за поширок систем за надзор и зголемена јавна доверба во напорите за борба против корупцијата.

Во оваа насока се препорачува:

- Препознавање на граѓанските организации и на истражувачките новинари како клучни корисници на податоците од Регистарот на вистински сопственици;
- Воспоставување механизми за повратни информации што им овозможуваат на надворешните корисници да пријавуваат сомнителни информации и неточности во податоците од регистарот;
- Обезбедување заштитни правни мерки за користење на информациите од Регистарот во јавен интерес.

PROJEKTI
Përdorimi i të dhënave lidhur me pronarët e vërtetë për reduktimin e korrupsionit

DOKUMENT POLITIKASH PUBLIKE



për përmirësimin e përdorimit
të informacioneve
lidhur me pronarët e vërtetë
në luftën kundër korrupsionit

Titulli i botimit:
Dokument politikash publike për përmirësimin e përdorimit të informacioneve lidhur me pronarët e vërtetë në luftën kundër korrupsionit

Botuesi: **Qendra për Komunikime Qytetare, Shkup**

Redaktor: **German Fillkov**

Autorë: **German Fillkov, Sabina Fakiq, Pavle Gacov dhe Aleksandar Janev**

Përktheu nga gjuha maqedonase në gjuhën shqipe: **Agon Ismaili**

Art dhe dizajn grafik: **Poliesterdej SHPKPV, Shkup**

Shtypi: **Poliesterdej SHPKPV, Shkup**

Tirazhi: **150 kopje**

Shkup, 2026

Qarkullim i lirë/jo-komercial

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

351:005.332.5:328.185(497.7)(076.2)

ДОКУМЕНТ за јавни политики за подобрување на користењето на информациите за вистинските сопственици во борбата против корупцијата / [автори Герман Филков ... и др. ; превод од македонски на албански јазик Агон Исмаили ; превод од македонски на англиски јазик Катерина Димишковска]. - Скопје : Центар за граѓански комуникации = Shkup : Qendra për Komunikime Qytetare = Skopje : Centre for Civil Communications, 2026. - 11, 11, 11 стр. ; 30 см

Текст на мак., алб. и англ. јазик. - Фусноти кон текстот. - Други автори: Сабина Факиќ, Павле Гацов, Александар Јанев. - Содржи и: Dokument politikash publike për përmirësimin e përdorimit të informacioneve lidhur me pronarët e vërtetë në luftën kundër korrupsionit / [autorë German Fillkov ... и др. ; përktheu nga gjuha maqedonase në gjuhën shqipe Agon Ismaili] ; Policy document improving Use of Beneficial Ownership Data to Combat Corruption / [authors German Filkov ... и др. ; translation from Macedonian to English Katerina Dimishkovska]. - „Користење на податоците за вистинските сопственици за намалување на корупцијата“

ISBN 978-608-4974-58-1

1. Филков, Герман [автор] 2. Факиќ, Сабина [автор] 3. Гацов, Павле [автор] 4. Јанев, Александар [автор]
а) Јавни политики – Транспарентност – Борба против корупцијата – Македонија – Упатства

COBISS.MK-ID 69763077

Projekti “Përdorimi i të dhënave lidhur me pronarët e vërtetë për reduktimin e korrupsionit” është i përkrahur nga Qeveria e Zvicrës përmes Civica Mobilitas. Mendimet e shprehura këtu nuk pasqyrojnë domosdoshmërisht qëndrimet e Qeverisë Zvicerane, Civica Mobilitas ose organizatave që marrin pjesë në procesin e zbatimit.

Përmbajtja

Përmbledhje 4

Problemet e identifikuara 5

Objektivat e politikës 7

Rekomandimet për politikat 8

Përmbledhje

Transparenca e pronarëve të vërtetë të kompanive është një nga veglat kryesore në luftën kundër korrupsionit. Në botë, prej kohësh dihet për ekzistencën e të ashtuquajturave kompani guaskë, ose kompani boshe që, pa një pronar të regjistruar për publikun dhe pa punonjës, transferonin shuma të mëdha parash midis tyre për shërbime fiktive, me qëllim fshehjen e gjurmës së këtyre parave, të cilat në të shumtën e rasteve buronin nga biznese të zeza dhe të pataksuara. Por kupa u derdh me zbulimin e dokumenteve të ndryshme, "Panama", "Parajsa", "Pandorini", me të cilat është bërë publike se qindra njerëz në pozicione publike abuzojnë me postin e tyre në dobi të kompanive, të cilat janë nën zotërim të tyre ose fshehurazi kontrollohen nga ata ose njerëz të afërt me to.

Ky ishte momenti vendimtar kur bota ra dakord se është e nevojshme të dihej jo vetëm se kush është i regjistruar si drejtor ose pronar i kompanive, por edhe kush qëndron në të vërtetë pas tyre, kush i kontrollon ato dhe kush përfiton prej tyre. Kjo çoi në identifikimin e pronarëve të vërtetë. Shumë vende kanë krijuar regjistra të pronarëve të vërtetë të kompanive - domethënë, personat që në realitet zotërojnë ose kontrollojnë kompaninë ose pronat dhe mjetet e kompanisë përkatëse, ose personat që kanë ndonjë përfitim material nga pronat/mjetet e asaj kompanie.

Megjithatë, kjo nuk përfundoi me kaq. Përveç idesë fillestare - për t'u parandaluar fshehja e pronësisë në kompanitë, realizimi i fitimeve të paligjshme dhe financimi i terrorizmit - zbulimi i pronarëve të vërtetë të kompanive është shndërruar gjithashtu në një vegël për parandalimin e evazionit fiskal, abuzimeve në ndarjen e prokurimeve publike, koncesioneve dhe fondeve të tjera publike, në financimin e partive politike dhe fushatave, etj.

Edhe pse Maqedonia e Veriut ka themeluar një Regjistër të Pronarëve të Vërtetë që nga viti 2021, gjetjet nga dy analiza të fundit tregojnë se (1) regjistri nuk shfrytëzohet sa duhet, (2) mungon kontrolli dhe verifikimi i duhur i saktësisë së të dhënave, (3) regjistri nuk është i lidhur me bazat e tjera të të dhënave dhe (4) regjistri është kryesisht i shkëputur nga praktikat e antikorrupsionit në vend, pa e përfshirë këtu luftën kundër pastrimit të parave dhe financimit të terrorizmit.

Ka mospërputhje të konsiderueshme midis të dhënave lidhur me pronarët e vërtetë dhe deklaratave mbi pasuritë dhe interesat e zyrtarëve publikë, ndërsa pengesat për qasjen e publikut te Regjistri pengojnë mbikëqyrjen efektive që mund të zhvillohet nga qytetarët, mediat dhe organizatat e shoqërisë civile.

Ky dokument për politika publike përkthen gjetjet nga dy analizat kërkimore në rekomandime konkrete dhe praktike që synojnë përmirësimin e përdorimit të të dhënave lidhur me pronësinë e vërtetë për të parandaluar, zbuluar dhe sanksionuar korrupsionin dhe konfliktet e interesave të të ashtuquajturve persona politikisht të ekspozuar, përkatësisht personat e zgjedhur dhe të emëruar. Disa nga rekomandimet nënkuptojnë ndryshime në praktikën, ndërsa për disa prej tyre do të duhet të bëhen ndryshime të vogla në aktet ligjore dhe nënligjore të disa institucioneve. Megjithatë, asnjë nga rekomandimet nuk nënkupton ndryshime të konsiderueshme, qoftë në rregulloren apo në punën e institucioneve relevante. Ky dokument gjithashtu i merr parasysh gatishmërinë dhe angazhimin e institucioneve të përfshira për të bërë ndryshime, që janë demonstruar në forumin tematik mbi këto çështje, i mbajtur në janar të vitit 2026, e në të cilin aktorët kryesorë në këtë fushë i diskutuan masat dhe hapat që mund të ndërmerren dhe po ndërmerren për përdorimin e mëtejmë të të dhënave lidhur me pronësinë e vërtetë në luftën kundër korrupsionit në vend.

Problemet e identifikuara

Në Maqedoninë e Veriut, Regjistri i Pronarëve të Vërtetë është lëshuar në përdorim në janar të vitit 2021 dhe të dhënat prej tij kanë qenë të disponueshme që nga prilli i vitit 2021.

Analiza mbi përdorimin e të dhënave lidhur me pronësinë e vërtetë në luftën kundër korrupsionit në Maqedoninë e Veriut, e publikuar në dhjetor 2024[1], nxori në pah faktin se institucionet kompetente në shtetin tonë, në përgjithësi, pak i përdorin të dhënat lidhur me pronarët e vërtetë në drejtim të parandalimit, zbulimit dhe sanksionimit të pastrimit të parave dhe në luftën kundër terrorizmit, ndërkaq duket sikur nuk i përdorin fare për qëllime të tjera si dhe për parandalimin e korrupsionit, krimit dhe abuzimeve në fushat e tjera. Bashkimi Evropian dhe OECD-ja kanë bërë gjithashtu komente dhe vërejtje për sa i përket përdorimit të pamjaftueshëm të të dhënave nga Regjistri i Pronarëve të Vërtetë.

Hulumtimi mbi zbulimin e rasteve potenciale të konfliktit të interesave dhe abuzimit me pushtetin në prokurimet publike tek personat e ekspozuar politikisht, i publikuar në maj 2025[2], nxori në pah boshllëqe dhe mospërputhje të konsiderueshme në deklarimin e pronësisë dhe interesave të zyrtarëve, të cilat krijojnë pengesa dhe vështirësi në rrugën drejt zbulimit të korrupsionit.

Në këtë hulumtim, përmes Regjistrit të Pronarëve të Vërtetë, janë zbuluar raste pronësie mbi kompani të caktuara që u përkasin personave të ekspozuar politikisht (kryetarë komunash dhe ministra), të cilët nuk i kishin deklaruar ato në deklaratat e interesit të paraqitura në Komisionin Shtetëror për Parandalimin e Korrupsionit (KSHPK). Për më tepër, disa nga kompanitë në pronësi të kryetarëve aktualë të komunave dhe ish-ministrave shfaqen si bartës të kontratave të prokurimeve publike, koncesioneve dhe licencave që janë ndarë nga institucionet shtetërore.

Mospërputhja e të dhënave lidhur me interesat afariste të personave politikisht të ekspozuar sugjeron në mungesën e kontrollit dhe verifikimit adekuat të saktësisë së të dhënave si në Regjistrin e Pronarëve të Vërtetë ashtu edhe në deklaratat e interesit që personat e zgjedhur dhe të emëruar ia paraqesin KSHPK-së.

Duke e pasur parasysh se nga janari i vitit 2019, në deklaratat e pasurisë dhe interesave, zyrtarët duhet t'i regjistrojnë vetëm të dhënat mbi anëtarët e familjes së ngushtë me të cilët jetojnë në të njëjtën familje, jashtë radarit mbeten shoqëritë tregtare në të cilat persona të afërt të personave të ekspozuar politikisht janë pronarë, themelues, partnerë, anëtarë të asamblesë, të bordit mbikëqyrës, të bordit të drejtorëve ose të menaxhmentit, ose janë persona të autorizuar në shoqëri tregtare (shtetërore dhe private). Kjo e bën të vështirë detektimin e konflikteve të interesave dhe abuzimit të pushtetit në prokurimet publike nga personat e ekspozuar politikisht.

Në këtë mënyrë, qytetarët pengohen që aktivisht të marrin pjesë në detektimin e rasteve potenciale të konflikteve të interesit dhe abuzimit të pushtetit nga bartësit e funksioneve, sepse Regjistri i Pronarëve të Vërtetë nuk është i hapur publikisht dhe informacionet në të janë me pagesë, ndërsa të dhënat në lidhje me interesat afariste të personave të ekspozuar politikisht në sistemin elektronik të KSPK-së të disponueshëm për publikun nuk janë të plota.

1 Analizë mbi përdorimin e të dhënave lidhur me pronarët e vërtetë në luftën kundër korrupsionit në Maqedoninë e Veriut, Qendra për Komunikime Qytetare, Shkup, dhjetor 2024, mund ta gjeni në linkun e mëposhtëm: https://www.ccc.org.mk/wp-content/uploads/2024/12/analiza-na-koristeneto-na-podatoczite-za-vistinskite-sopstveniczi-vo-borbata-protiv-korupczijata-vo-severna-makedonija.pdf

2 Hulumtim mbi detektimin e rasteve potenciale të konflikteve të interesit dhe abuzimit të pushtetit në prokurimet publike nga personat e ekspozuar politikisht, Qendra për Komunikime Qytetare, Shkup, maj 2025, mund ta gjeni në linkun e mëposhtëm: https://www.ccc.org.mk/wp-content/uploads/2025/05/dupki-i-nedoslednosti-vo-prijavuvaneto-sopstvenost-i-interesi.pdf

Këto analiza identifikojnë disa dobësi sistemike:

- Qasje e kufizuar dhe e kushtueshme tek të dhënat lidhur me pronarët e vërtetë, gjë që kufizon gjithashtu mbikëqyrjen publike nga të ashtuquajturit aktorë jo-shtetërorë (qytetarët, sektori civil, mediat, etj.).
- Përdorim minimal i të dhënave lidhur me pronarët e vërtetë nga institucionet për luftë kundër korrupsionit, për zbatimin e ligjit dhe mbikëqyrjes, pa i nënkuptuar këtu aktivitetet kundër pastrimit të parave dhe financimit të terrorizmit.
- Mungesë e verifikimit sistematik të të dhënave në deklaratat e pasurisë dhe interesave, të dhënave mbi kontratat për prokurime publike dhe koncesionet e lidhura, si dhe të dhënave lidhur me personat e zgjedhur dhe të emëruar.
- Diskrepanca të konsiderueshme midis të dhënave për pronarët e vërtetë dhe deklaratave të interesave të paraqitura në Komisionin Shtetëror për Parandalimin e Korrupsionit (KSHPK).
- Mekanizma të dobët verifikimi dhe sanksione të kufizuara për raportim të rremë ose të paplotë lidhur me pronarët e vërtetë.
- Mungesë e analizës proaktive mbi rreziqet duke përdorur të dhëna lidhur me pronarët e vërtetë në sektorët me rrezik të madh për korrupsion.

Si rezultat i gjithë kësaj, Regjistri i Pronarëve të Vërtetë është kryesisht vetëm një mekanizëm formal konformiteti, e jo një instrument operativ për të luftuar korrupsionin.

Objektivat e politikës

Objektivi kryesor i këtij dokumenti politikash është transformimi i të dhënave lidhur me pronarët e vërtetë nga një regjistër pasiv në një mjet aktivisht të përdorur, të besueshëm dhe të ndërveprueshëm për ta luftuar korrupsionin.

